Согласно Законот за изменување и дополнување на Законот за шумите (Сл.Весник на РМ Бр.160 од 31 октомври 2014 год.) во член 92 и 97 стопанисувањето со приватните шуми го вршат сопствениците, а услугите за извршување на стручните работи од бласта на шумарството ги вршат Јавното претпријатие за стопанисување со државните шуми ,,Македонски шуми,, и другите субјекти задолжени да управуваат со заштитените подрачја.

Работите кои се однесуваат на заштита и користење на приватни шуми го вршат самите сопственици. Стопанисувањето со приватните шуми се врши врз основа на донесени посебни планови за стопанисување, програми или критериуми за стопанисување со шумите во приватна сопственост. Посебните планови и програми за стопанисување со шумите во приватна сопственост ги донесуваат сопствениците на шумите, а ги одобрува министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на шумарството.

Во текот на 2016 год. одобрени се вкупно 237.395 м3, од кои на техничко дрво отпаѓаат 24.408 м3 и на огревно дрво отпаѓаат 212.987 м3.

Од вкупно одобрената дрвна маса во овој период реализирано е 18.051 м3 техничко и 196.609 м3 огревно дрво. Трошоците кои произлегуваат од работата во приватните шуми, согласно важечките законски прописи ги обезбедуваат самите сопственици врз основа на важечкиот Ценовник за ознака и други услуги за шумите, меѓите и осамени дрва во приватна сопственост на ЈП "Македонски шуми" бр.02-2936/4-7 од 27.12.2005 год. Според Ценовникот цените изнесуваат: за одобрување, ознака, жигосување и други услуги во приватни шуми, 252,50 денари за 1м3; за жигосување и издавање испратница за дрво од шумски видови дрвја кои растат на меѓа, 140,00 денари за 1м3. Средствата кои се остварени од ознака на техничко и огревно дрво од шума и ознака на дрва од меѓи во приватна сопственост во 2016 год. изнесуваат 60.023.333,00 денари. (Табела 8, стр.27)

## 4. ОДГЛЕДУВАЊЕ И ЗАШТИТА НА ШУМИ

### 4.1. ГОДИШЕН ПРЕГЛЕД НА ИЗДВОЕНИ И ПОТРОШЕНИ СРЕДСТВА ЗА ПРОСТА РЕПРОДУКЦИЈА НА ШУМИТЕ ЗА ПЕРИОД ОД 01.01 ДО 31.12.2016 год.

Во денари

Табела 9

| Ред.број | Подружница | Салдо 01.01.2016 | Издвоени средства | Вкупно средства | Приходи од проста репродукц. по ситуации | Салдо 31.12.2016 |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| 1 | "Малешево"-Берово | 29.364.462 | 5.180.416 | 34.544.878 | 2.951.831 | 31.593.047 |
| 2 | "Равна Река"-Пехчево | 5.423.393 | 3.528.203 | 8.951.596 | 5.586.789 | 3.364.807 |
| 3 | "Осогово"- К.Паланка | 2.961.879 | 3.552.380 | 6.514.259 | 2.212.999 | 4.301.260 |
| 4 | "Кратово" - Кратово | 3.007.012 | 2.423.277 | 5.430.289 | 30.130 | 5.400.159 |
| 5 | "Осогово" - Кочани | 45.840 | 3.555.616 | 3.601.456 | 3.601.455 | 0 |
| 6 | "Серта" - Штип | 2.321.587 | 938.518 | 3.260.105 | 260.667 | 2.999.438 |
| 7 | "Плачковица" - Радовиш | 20.526.619 | 6.322.925 | 26.849.544 | 4.706.821 | 22.142.724 |
| 8 | "Плачковица" - Виница | 33.976.843 | 3.331.160 | 37.308.003 | 185.295 | 23.744.970 |
| 9 | "Беласица" - Струмица* | -18.568.975 | 6.939.128 | -11.629.847 | 2.556.019 | -14.185.866 |
| 10 | "Саланџак" - Валандово | 6.644.328 | 1.161.310 | 7.805.638 | 3.937.537 | 3.868.101 |
| 11 | "Кожув" - Гевгелија | 2.366.774 | 8.648.758 | 11.015.533 | 11.014.671 | 862 |
| 12 | "Демир Капија" ДКапија | 6.590.056 | 3.033.297 | 9.623.353 | 2.915.554 | 6.707.799 |
| 13 | "Бор" - Кавадарци* | 495.892 | 11.614.733 | 12.110.625 | 10.952.408 | -138.050 |
| 14 | "Црн бор" - Прилеп | 32.279.293 | 4.182.835 | 36.462.128 | 2.373.083 | 27.651.933 |
| 15 | "Бабуна" - Велес | 8.315.694 | 5.599.672 | 13.915.366 | 3.521.899 | 10.393.467 |
| 16 | "Шумарство" - Св.Николе | -568.694 | 236.699 | -331.995 | 0 | -331.995 |
| 17 | "Кајмакчалан"- Битола | 639 | 6.379.025 | 6.379.664 | 6.378.997 | 667 |
| 18 | "Бигла"- Демир Хисар | 20.413.681 | 7.852.752 | 28.266.433 | 4.738.693 | 23.527.740 |
| 19 | "Липа"- Крушево | 6.891.401 | 2.182.178 | 9.073.579 | 4.735.201 | 4.338.378 |
| 20 | "Преспа дрво"- Ресен | 11.242.621 | 4.458.046 | 15.700.667 | 2.535.636 | 8.739.123 |
| 21 | "Галичица"- Охрид | 35.382.878 | 8.683.148 | 44.066.026 | 188.545 | 29.315.186 |
| 22 | "Јабланица" -Струга | 12.035.288 | 2.714.741 | 14.750.029 | 0 | 11.716.624 |
| 23 | "Стогово" - Дебар | 1.239.826 | 720.457 | 1.960.283 | 964.850 | 995.433 |
| 24 | "Лопушник" - Кичево | 33.257.373 | 8.024.405 | 41.281.778 | 8.271.567 | 24.535.675 |
| 25 | "Сандански"- М.Брод | 2.246.151 | 6.693.582 | 8.939.733 | 4.891.300 | 4.048.433 |
| 26 | "Шар"- Гостивар | 11.884.013 | 3.495.014 | 15.379.027 | 954.490 | 14.424.537 |
| 27 | "Лешница" - Тетово | 2.058.898 | 1.080.549 | 3.139.447 | 1.372.634 | 1.766.813 |
| 28 | "Караџица" - Скопје* | 2.431.011 | 3.453.943 | 5.884.954 | 0 | 5.884.954 |
| 29 | "Куманово"- Куманово* | 2.795.883 | 1.570.288 | 4.366.171 | 869.564 | 3.496.607 |
| 30 | "Голак"- Делчево | 7.665.813 | 2.964.593 | 10.630.406 | 1.012.498 | 9.617.908 |
| | **Вкупно** | | **130.521.647** | **415.249.127** | **93.721.133** | **269.920.733** |

**Извор на податоци: Одделение за сметководство**

**Податоците во колоните 2, 3, 4, 5 и 6 се од Годишната сметка за 2016 год.**

***Подружниците кои имаат минусни салда значи дека имаат потрошено повеќе средства преку проста репродукција од издвоените 10% од вредноста на посеченото дрво на шумско камионски пат**

## 4.2. ПРЕГЛЕД НА ПОТРОШЕНИ СРЕДСТВА ЗА ПРОСТА РЕПРОДУКЦИЈА НА ШУМИТЕ ПО ВИД НА ИЗВРШЕНА РАБОТА ВО 2016 год.

Табела 9а

| Ред.број | Вид на извршена работа | Единечна мерка | Количина | Вкупно потрошени средства во денари | Учество во % |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Пошумување на голини | ха | 12,50 | 1.053.900 | 1,12 |
| 2 | Пошумување во шума | ха | 173,07 | 10.274.798 | 10,96 |
| 3 | Потсејување | ха | 152,83 | 1.515.334 | 1,62 |
| 4 | Пополнување | ха | 7,20 | 213.788 | 0,23 |
| 5 | Прореди | ха | 453,80 | 4.693.478 | 5,01 |
| 6 | Нега и чистење | ха | | | 0,00 |
| 7 | Конверзија | ха | 27,67 | 276.700 | 0,30 |
| 8 | Кастрење гранки | ха | 40,00 | 345.811 | 0,37 |
| 9 | Санитарна сеча | ха | 8,00 | 289.248 | 0,31 |
| 10 | Гаснење на пожар | ха | 605,68 | 374.928 | 0,40 |
| 11 | Санација на опожарени површини (пошумување) | ха | | | 0,00 |
| 12 | Санација на опожарени површини (чистење) | ха | | | 0,00 |
| 13 | Заштита од болести и штетници | ха | 19.456,30 | 1.967.047 | 2,10 |
| 14 | Заштита од пожари | ха | 8.066,60 | 1.075.924 | 1,15 |
| 15 | Заштита од добиток и напасување | ха | 25,00 | 300.000 | 0,32 |
| 16 | Изработка на ППСШ | Бр. | 13,00 | 15.425.399 | 16,46 |
| **Вкупно во ха:** | | | **9.547,35** | **37.806.355** | 40,34 |
| 17 | Изградба на пат | км | 125,15 | 34.785.263 | 37,12 |
| 18 | Реконструкција на пат | км | 310,50 | 12.712.492 | 13,56 |
| 19 | Чистење на пат | км | 447,13 | 8.417.021 | 8,98 |
| **Вкупно :** | | | **882,78** | **55.914.777** | 59,66 |
| **Вкупно потрошени средства по вид на извршена работа:** | | | | **93.721.132** | **100,00** |

Извор на податоци : Сектор за одгледување на шуми, подигање, екологија и лов

Согласно Програмата за Проширена репродукција на шумите
бр. 2од 8јан и бр.190 од 17 окт. 2016 година

## 4.3. Реализирани активности со Проширена репродукција на шуми за 2016 година

Табела 96

| Подружница | одгледна мерка | површина ха | вреднос во денари |
|---|---|---|---|
| *1.ШС,,Куманово,, Куманово ДОГОВОР за пошумување на голини Бр.03-14/325од 31.10.2016година(бр.19-75242 од 31.10.2016 год)* | пошумување | 25 | 1.500.000,00 |
| *1.ШС,,Куманово,, Куманово ДОГОВОР за нега со проредиБр.03-14/326од 31.10.2016година(бр.19-9613/2 од 31.10.2016 год)* | нега со прореди | 40 | 600.000,00 |
| *3.ШС,,Шумарство,,Св.Николе ДОГОВОР за пошумување на голини Бр.03-14/325од 31.10.2016година(бр.19-7524/2 од 31.10.2016 год)* | пошумување | 25 | 1.500.000,00 |
| *3.ШС,,Шумарство,,Св.Николе ДОГОВОР за нега со прореди Бр.03-14/326од 31.10.2016година(бр.19-9613/2 од 31.10.2016 год)* | нега со прореди | 40 | 600.000,00 |
| *Вкупно : Пошумување - 50ха Х60.000,00ден Прореда - 80ха Х 15.000,00ден* | | | *4.200.000,ден* |

Извор на податоци : Сектор за одгледување на шуми, подигање, екологија и лов

## 4.4. ОСТВАРЕНО РАСАДНИЧКО ПРОИЗВОДСТВО ВО 2016 година

Табела 9в

| ДРВЕН ВИД | Возраст | Един. мера | Остварено | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | Класично | Контејнер | Вкупно: |
| А. ПРОИЗВОДСТВО НА САДНИЦИ | | | | | |
| Црн бор | 1+0 | бр. | 570.440 | 250.000 | **820.440** |
| Бел бор | " | " | 104.000 | 12.000 | **116.000** |
| Аризонски чемпрес | " | " | 73.000 | 320.000 | **393.000** |
| Туја | " | " | 15.000 | | **15.000** |
| Дуглазија | " | " | 60.700 | 125.000 | **185.700** |
| Ела | " | " | 11.760 | | **11.760** |
| Смрча | " | " | 41.520 | 175.000 | **216.520** |
| Див костен | " | " | 1.800 | | **1.800** |
| Црн орев | " | " | 5.000 | | **5.000** |
| Бреза | " | " | | | **0** |
| Јудино дрво | " | " | 3.200 | | **3.200** |
| Калереутерија | " | " | 2.000 | | **2.000** |
| Даб | " | " | 126.600 | | **126.600** |
| Албиција | " | " | 1.200 | | **1.200** |
| Багрем | " | " | 743.690 | | **743.690** |
| Питом костен | " | " | 21.000 | | **21.000** |
| Топола | " | " | 4.180 | | **4.180** |
| разни широколисни | " | " | 10.000 | | **10.000** |
| Јасен | " | " | 378.600 | | **378.600** |
| Јавор | " | " | 31.000 | | **31.000** |
| дива круша | " | " | 6.000 | | **6.000** |
| **ВКУПНО : 1+0** | | | **2.210.690** | **882.000** | **3.092.690** |
| Црн бор | 2+0 | бр. | 305.900 | 173.380 | **479.280** |
| Бел бор | " | " | 118.700 | 413.000 | **531.700** |
| Аризонски чемпрес | " | " | 118.990 | 50.000 | **168.990** |
| Дуглазија | " | " | 49.200 | 74.000 | **123.200** |
| Ела | " | " | 400 | | **400** |
| Смрча | " | " | 47.800 | 37.000 | **84.800** |
| Кедар | " | " | | | **0** |
| Приморски бор | " | " | | | **0** |
| Албиција | " | " | 1.000 | | **1.000** |
| Јавор | " | " | 27.000 | | **27.000** |
| Келереутерија | " | " | | | **0** |
| Каталпа | " | " | | | **0** |
| Даб | " | " | | | **0** |
| Јасен | " | " | 135.000 | | **135.000** |
| Албиција | " | " | 1.000 | | **1.000** |
| Багрем | " | " | 107.200 | | **107.200** |
| Бреза | " | " | 100 | | **100** |
| Багрем | " | " | 107.200 | | **107.200** |
| Топола | " | " | 217 | | **217** |
| разни хортикултурни | " | " | | | **0** |
| **ВКУПНО : 2+0** | | | **1.019.707** | **747.380** | **1.767.087** |

**Извор на податоци:**
Сектор за одгледување на шумите, подигање, екологија и лов

| ДРВЕН ВИД | Возраст | Един. мера | Остварено | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | Класично | Контејнер | Вкупно: |
| Бел бор | 3+0 | " | 24.820 | 64.000 | **88.820** |
| Бел бор | 4+0 | " | 16.400 | | **16.400** |
| Ела | 3+0 | " | 4.000 | | **4.000** |
| Ела | 4+0 | | 5.150 | | |
| Ела | 5+0 | | 10.000 | | |
| Дуглазија | 3+0 | " | 23.900 | | **23.900** |
| Црн бор | 3+0 | " | 76.315 | | **76.315** |
| Дуглазија | 4+0 | " | 12.460 | | **12.460** |
| Аризонски чемпрес | 3+0 | " | 7.000 | 9.065 | **16.065** |
| Смрча | 3+0 | " | 17.000 | 25.000 | **42.000** |
| Смрча | 4+0 | | 4.300 | | **4.300** |
| Туја ориенталис | 4+0 | | 2.500 | | **2.500** |
| Каталпа | 3+0 | " | 100 | | **100** |
| див костен | 3+0 | " | 300 | | **300** |
| Даб | 3+0 | " | 1.730 | | **1.730** |
| Јавор | 3+0 | | 5.000 | | **5.000** |
| Црн орев | 4+0 | | 600 | | **600** |
| келереутерија | 3+0 | | 2.500 | | **2.500** |
| албиција | 3+0 | | 300 | | **300** |
| Бреза | 3+0 | | 8.000 | | **8.000** |
| Гинко | 3+0 | | 4.750 | | **4.750** |
| Јудино дрво | 3+0 | " | 3.200 | | **3.200** |
| **ВКУПНО : 3+0** | | | **230.325** | **98.065** | **313.240** |
| **ДРУГИ САДНИЦИ ОД РАЗНИ ВИДОВИ И ВОЗРАСТ** | | | | | |
| Среб. Смрча | 2+4 | бр. | 250 | | **250** |
| Среб. Смрча | 2+5 | " | 155 | | **155** |
| Албиција | 1+3 | " | 60 | | **60** |
| калереутерија | 1+3 | " | 20 | | **20** |
| Смрча | 3+5 | " | 299 | | **299** |
| Смрча | 2+3 | " | | | **0** |
| Бреза | 2+2 | " | | | **0** |
| див костен | 2+2 | " | 316 | | **316** |
| олеандер | | " | | 3.850 | **3.850** |
| пауловнија | 1+2 | " | 100 | 1.920 | **2.020** |
| софора | 1+3 | " | 65 | | **65** |
| Аризонски чемпрес | 2+1 | " | | 3.000 | **3.000** |
| Аризонски чемпрес | 2+2 | " | 50 | | **50** |
| Каталпа | 1+3 | " | 50 | | **50** |
| копривка | 1+3 | " | 90 | | **90** |
| Бреза | 2+2 | " | 1.350 | | **1.350** |
| разни иглолисни | 2+2 | " | 1.000 | | **1.000** |
| **ВКУПНО :** | | | **3.805** | **8.770** | **12.575** |
| **ВКУПНО САДНИЦИ НА НИВО НА ЈП** | | | **3.464.527** | **1.736.215** | **5.185.592** |

**Извор на податоци:**
Сектор за одгледување на шумите, подигање, екологија и лов

## 4.5. ПЛАНИРАНИ И ОСТВАРЕНИ ПРИХОДИ И РАСХОДИ ОД РАСАДНИЧКО ПРОИЗВОДСТВО (Споредба: 2016/2015 год.)

Табела 9г

| ДЕЈНОСТ | | 2015 год. | | | 2016 год. | | | ИНДЕКС 2016/2015 | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Планирано | Остварено | % на исполнување на планот | Планирано | Остварено | % на исполнување на планот | ПЛ. | ОС. |
| 1 | | 2 | 3 | 4=(3:2)x100 | 5 | 6 | 7=(6:5)x100 | 8=5:2 | 9=6:3 |
| Расадничко производство | Приходи | 74.981.050,00 | 15.091.157,00 | **20,13** | 67.526.300,00 | 33.420.846,00 | **49,49** | **0,90** | **2,21** |
| | Директни расходи | 48.480.258,00 | 35.829.142,00 | **73,90** | 41.935.970,00 | 33.132.530,00 | **79,01** | **0,87** | **0,92** |
| Разлика | | **26.500.792,00** | **-20.737.985,00** | | **25.590.330,00** | **288.316,00** | | | |

Извор на податоци:
Годишна сметка на ЈП за 2016 год. за приходите и Образецот со елементи за утврдување на остварената цена на чинење за расходите

## 4.6. Коментар

Активностите во делот на одгледувањето на шумите, се базираат на обврските кои се пропишани со посебните планови за стопанисување со шумите. Со членот 94 од Законот за шуми, регулиран е начинот на издвојување и користење на средствата за проста репродукција на шумите. Средства за проста репродукција на шуми издвојуваат субјектите кои стопанисуваат со шумите во државна сопственост во висина од 10% од вредноста на исеченото дрво, франко камионски пат во шума. Овие средства се издвојуваат на посебна сметка и се користат за одгледување и заштита на постојните шуми, за изградба на шумски патишта, за техничко опремување заради вршење на работи за заштита на шумите и изработка на планови за стопанисување со шумите. Од табеларниот преглед на издвоени и потрошени средства за проста репродукција на шумите во 2016 год., се гледа дека сумата на издвоени средства во висина од 130.521.647,00 денари е поголема од потрошените средства по ситуации по вид на извршена работа во износ од 93.721.132,00 денари. (Табела 9а, стр.30)

Согласно членот 95 од Законот за шумите за работите на проширена репродукција на шуми средства обезбедуваат: субјектите кои стопанисуваат со шумите во државна сопственост во висина од 3% од вредноста на исеченото дрво на франко камионски пат, сопствениците на шуми во приватна сопственост во висина од 3% од вредноста на исеченото дрво на франко камионски пат, како и правните субјекти што вршат промет на дрво во висина од 3% од вредноста на продаденото дрво и од Буџетот на РМ.

Средствата за проширена репродукција на шумите се користат според годишна Програма што ја донесува Владата на Република Македонија. Со оваа програма, согласно Буџетот на РМ за 2016 година (Службен весник на РМакедонија бр.209/15год.) Раздел 14001-Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство, Програма 2-Шумарство, Потпрограма 20-Шумарство, Ставка 485- вложувања и нефинансиски средства, се утврдува изворот и износот на средствата, видот и обемот на работите и мерките кои се финансираат, извршителите на работите, како и начинот на користење на средствата за извршени работи во 2016 година во вкупен износ од

8.000.000,00 денари. Средствата од оваа програма се користат за следните работи:

1. а)**Пошумување на голини и ерозивни земјишта со садници** се врши првенствено на локации со поголема површина и кои се во состав или во непосредна близина на постоечките шуми. Извршител на работите беше ЈПМакедонски шуми на површина од 50ха во вкупен износ од 3.000.000,00 денари или 60.000,00 ден по ха. б) Нега на шумски култури со прореди на површина од 80ха во вкупен износ од 1.200.000,00 денари или 15.000,00 ден по ха. За реализација на оваа мерка од Програмата извршителите на работите доставуваат до МЗШВ за секоја работа посебна оперативно-стручна програма, во која се наведуваат основните податоци за локалитетот и подетални податоци за обемот и видот на работата, техниката, времето на реализација на работите;

Исплатата на средствата за реализација на работите на оваа програма се врши врз основа на склучени договори помеѓу Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и извршителите на работите и преку јавна набавка. Во деловната 2016 година ЈП,,Македонски шуми,, има приходи од проширена репродукција на шумите во вкупен износ од 4.200.000,00 ден. затоа што согласно Програмата за проширена репродукција на шуми (Сл. Весник на РМ бр. 2 од 8 јануари и бр.190 од 17 октомври 2016г.) има склучени Договори помеѓу Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и извршителот на работите ЈП Македонски шуми – Скопје, за пошумување на голини и ерозивни земјишта со садници Бр.03-14/325 од 31.10.2016 год.(бр.19-75242 од 31.10.2016 год.), како и Договор за нега со прореди бр.03-14/326 од 31.10.2016 год. (бр.19-9613/2 од 31.10.2016 год.) (Табела бр. 9б стр. 31)

2. **Заштита на шумите и шумските култури од потенцијални штетници** кои можат да загрозат поголеми шумски простори, се врши преку организирана Извештајно дијагнозно прогнозна служба (ИДП служба) за шумите во РМакедонија и преку следење на состојбата на шумите на биоиндикаторските точки поставени на 16 километарска мрежа на територијата на РМ. Шумарскиот факултет–Скопје до Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, доставува Извештај за здравствената состојба на шумите во РМакедонија за 2016 година со предлог мерки и Извештај за здравствената состојба на шумите на биоиндикаторските точки на територијата на РМ за 2016 година;

Согласно Програмата за проширена репродукција предвидено е и сузбивање на растителни болести и штетници во шуми и шумски култури и на површини во кои е извршена мелиорација на деградирани шуми и шикари, кое се врши со авионско третирање за сузбивање на штетникот боров четник во боровите шуми и шумски култури на површина од околу 9.300 ха во повеќе региони во РМакедонија; Предвиденото авионско третирање на штетникот боров четник во боровите шуми и шумски култури во 2016 год. не се изврши.

ЈП "Македонски шуми" од своите расадници го обезбедува најголемиот дел од потребниот шумски саден материјал за реализација на акцијата Ден на дрвото.

Согласно ИЗВАДОК од Нацрт - записникот од Осумдесеттата седница на Владата на Република Македонија, одржана на 1.11.2016 година ,,ТОЧКА 92: заклучок 3, 4, и 5 и Извадок од Нацрт — записникот од Осумдесеттата седница на Владата на Република Македонија одржана на 1.11.2016 година ,,ТОЧКА 60: заклучок 2 за реализација на акцијата за пошумување ,,Ден на дрвото — засади ја својата иднина,, есен 2016 година.

1.Се укажува на ЈП,,Македонски шуми,, да обезбеди — Скопје да обезбеди 1.260.575 садници за пошумување на утврдените локации на вкупна површина од 503,89 хектари на целата територија на Република Македонија.

2. Се укажува на ЈП,,Македонски шуми,, да обезбеди, да отстапи 1.000568 садници за Град Скопје кои ќе се засадат во урбаните делови на општините на Град Скопје и засадување на страничните делови (косини ) на обиколницата околу град Град Скопје.

3. Се укажува на ЈП,,Македонски шуми,, - Скопје да отстапи 150.000 садници за Општина Битола, кои садници се за засадување вон урбаните делови и 100 во урбаните делови.

4. Се укажува на ЈП,,Македонски шуми,, - Скопје да отстапи 100.000 садници за Општина Тетово, кои садници се за засадување вон урбаните делови и 100 во урбаните делови.

5. Се укажува на ЈП,,Македонски шуми,, - Скопје да отстапи 100.000 садници за Општина Кичево, кои садници се за засадување вон урбаните делови и 100 во урбаните делови.

6. Се укажува на ЈП,,Македонски шуми,,- Скопје да отстапи 4.000 леандри за засадување на следните локации: 2.000 леандри во средишниот дел на автопатската делница од Коридорот 10 на потегот ,,Демир Капија - Смоквица и 2.000 леандри во Општина Дојран.

*ЦЕЛИ НА АКЦИЈАТА ЗА ПОШУМУВАЊЕ*

Одржување на заштитните функции на шумите и шумскиот фонд врз животната средина, заштита на водата, почвата и воздухот; заштита на луѓето и инфраструктурата од природни непогоди; намалување на штетните гасовите во урбаните средини кои придонесуваат за глобалното затоплување и зголемување на капацитетите на врзување на емисијата на CO2 честичките во воздухот.

***Приоритети на локалитети за пошумување со акцијата***

***,,Ден на дрвото—засади ја својата иднина,,***

- пошумување на опожарени површини, како последица од шумски пожари, стимулација за одржување на заштитните функции на шумата — санација на еродирани земјишта и шуми и заштита на изворишта и води во шумите;

- пошумување покрај природни и вештачки езера со цел проширување , подобрување на квалитетот и заштитата на шумскиот фонд согласно Просторниот план на Република Македонија;

- пошумување на површини во непосредна близина на градовите и покрај патишта, пошумување на површини (голини) во шума и вон шума кои се во државна сопственост на РМ;

- засадување на дендродекоративни садници на локалитети на ниво на Град Скопје и Заедницата на единиците на локална самоуправа — Битола, Кичево и Тетово.

*РЕАЛИЗАЦИЈА:*

Врз основа на реализација на акцијата за пошумување ,,Ден на дрвото,, есен 2016 година, од страна на Државниот Инспекторатот за шумарство и ловство по извршените теренски увиди за пошумените површини, изготвени се Записници за површините на кои се извршени шумскоодгледни работи — пошумување.

Од предвидените 503,89 хектари за пошумување и засадување на 1.260.575 шумски садници, со акцијата ,,Ден на дрвото,, есен 2016 година, реализирани се 325,12 хектари со 810.937 шумски садници или 64% реализација од предвидените површини за пошумување.

*ПРЕГЛЕД НА РЕАЛИЗИРАНИ ПОВРШИНИ ЗА ПОШУМУВАЊЕ СО АКЦИЈАТА ,,Ден на дрво,, есен 2016 година по подружници*

1.ШС,,Малешево,, Берово – нема извршено пошумување
2.ШС,,Рамна Река,, Пехчево - 5,0 ха – 12.500сад
3.ШС,,Осогово,,Кр.Паланка -6,0 ха – 24.000сад
4.ШС,,Кратово,,Кратово – 4,88 ха -12.200сад
5.ШС,,Осогово,,Кочани – 17,0 ха -31.000сад
6.ШС,,Серта,,Штип – 2,0 ха - 3.500сад
7.ШС,,Плачковица,,Радовиш – 10,0 ха – 25.000сад
8.ШС,,Плачковица,,Виница нема извршено пошумување
9.ШС,,Беласица,,Струмица – 9,50 ха – 30.500сад
10.ШС,,Саланџак,,Валандово – 0,10ха – 250сад
11.ШС,,Кожув,,Гевгелија – 0,10 ха – 250сад
12.ШС,,Демир Капија,,Демир Капија – 20,0 ха – 50.000сад
13.ШС,,Бор,,Кавадарци – 9,20 ха- 23.000сад
14.ШС,,Црн Бор,,Прилеп – 20,0 ха- 50.000сад
15.ШС,,Бабуна,,Велес – 12,0 ха – 36.000сад
16.ШС,,Шумарство,,Св.Николе – 8,60 ха- 17.200сад
17.ШС,,Кајмакчалан,,Битола – 6,0 ха – 15.000сад
18.ШС,,Бигла,,Демир Хисар – 10,0 ха- 18.500сад
19.ШС,,Липа,,Крушево – 5,0 ха – 12.000сад
20.ШС,,Преспадрво,,Ресен – 5,0 ха – 12.500сад
21.ШС,,Галичица,,Охрид – 0,20 ха – 152 сад
22.ШС,,Јабланица,,Струга - нема извршено пошумување
23.ШС,,Стогово,,Дебар – 2,0 ха- 6.000сад
24.ШС,,Лпушник,,Кичево – 3,0 ха- 6.300сад
25.ШС,,Сандански,, Мак. Брод – 2,0 ха – 8.000сад
26.ШС,,Шар,,Гостивар – 8,32 ха – 20.800сад
27.ШС,,Лешница,,Тетово – 6,0 ха- 15.000сад
28.ШС ,,Караџица,,Скопје – 19,99 ха – 49.975сад
29.ШС,,Куманово,,Куманово – 128,99 ха – 322.000сад
30.ШС,,Голак,,Делчево – 4,24 ха – 9.130сад

***Вкупно: 325,12 ха – 810.937 садници***

Од страна на вработените во Македонски шуми — дирекција на 30.11.2016 година, кога е и предвиден денот за пошумување ,,Ден на дрвото,, извршено е и пошумување на одредена должина локација мв. Кондово од обиколница, на косини каде се засадени 10.000 садници од багрем.

Во делот на реализација на акцијата за пошумување ,,Ден на дрво,, а во согласност на укажувањата на Владата на РМ(Комитет за здравје и животна средина и МЖСПП) за преотстапување на садници за засадување на садници вон урбани делови и во урбаните делови и тоа за Град Скопје и општините Кичево, Битола и Тетово, како превентивна мерка од аерозагадување, кое е со висока концентрациона моќ и негативни влијанија врз животната средина.

Реализацијата на акцијата ,,Ден на дрвото-засади ја својата иднина,, е верификувана со Одлука Бр. 02-828/3-1 од 08.11.2016 година од страна на Управниот Одбор на Македонски шуми, со која се задолжува директорот на претпријатието преку стручните служби во Секторот за економско финансиско работење да изврши фактурирање на Министерството за замјоделство, шумарство и водостопанство, согласно изготвен записник од страна на Државниот инспекторат за шумарство и ловство за извршено пошумување, во износ од 19.507.200,00 ден. Отстапувањето на дендродекоративни садници е верификувано со Одлука Бр.02-828/3 од 08.11.2016 година од страна на Управниот Одбор на Македонски шуми и согласно Програмата за работа на претпријатието за 2016 год. се предвидени како приход. Затоа согласно Одлуката од Управен одбор извршено е фактурирање на Министерството за замјоделство, шумарство и водостопанство за отстапените садници врз основа на документ за подигнати садници по цена согласно важечкиот ценовник во ЈП Македонски шуми-Скопје на денот на фактурирањето во износ од 3.944.421,00 денари.

Во делот на отстапување на дендродекоративни садници за Град Скопје и општините Тетово, Кичево и Битола од страна на Македонски шуми издадени се вкупно 177.469 броја на садници. Во прегледот ќе биде презентирано кои расадници имаат отстапено садници и тоа:

1.ШС,,Плачковица,,Радовиш
**јавор -10000 а.чемпрес - 23.000**
2.ШС,,Карацица,,Скопје
багрем - 20.000 броја на садници
3.ШС,,Бор,,Кавадарци

**туја вудворди 495, хамаципарис елводи - 75, а.чемпрес - 25800,**
**туја смарагд -863, кедар- 24, туја санкис зелена -100,**
**туја розенталис -134, керлеутерија -195, туја санкис жолта-73,**

4.ШС,,Црн Бор,,Прилеп

**бреза -500, јасен - 7560, каталпа- 50,**
**копривка - 50**

5.ШС,,Бабуна,,Велес

**бреза -2000, јавор - 1800, јасен 41450,**
**багрем — 300**

6.ШС,,Шумарство,,Св.Николе

**багрем —1200, софора — 1800**
**бел бор - 20000**

7.ШС ,,Караџица,,Скопје

**багрем - 20000**

8.ШС,,Голак,,Делчево

**а.чемпрес — 14000, багрем — 6000**

**Засадени се 177.469 дендродекоративни садници на ниво на Град Скопје и општини Кичево, Тетово и Битола.**

Во реализацијата на акцијата ,,Ден на дрвото-засади ја својата иднина,, традиционално секоја година вклучени се Гранична полиција со испостави **РЦ за ГР ЈУГ; РЦ за ГРИСТОК; РЦ за ГР СЕВЕР и РЦ за ГР ЗАПАД** и **Царинска управа** со засадување на садници кое се врши на пограничните премини и царинските испостави помеѓу Република Македонија и соседните држави.

Од табеларниот преглед за произведен саден материјал во 2016 год. може да се констатира дека се произведени вкупно 5.185.592 броја садници од сите возрасти на ниво на ЈП, од кои 3.464.527 броја садници се класично, а 1.736.215 броја се контејнерско производство. ( стр.32,33) Од прегледот пак, за остварените резултати од расадничко производство на ниво на ЈП ,,Македонски шуми,, во 2016 год. може да се констатира позитивно финансиско работење во износ од 288.316,00 денари, а од реализација на оствареното производство е остварен вкупен приход од 33.420.846,00 денари, што претставува 49,5% од планираниот. Споредбата со 2015 год. покажува дека индексот на остварени приходи е 2,21 и остварени расходи е 0,92.(стр.34)

## 5.2. РЕКАПИТУЛАР ЗА ПОЈАВА НА ШУМСКИ ПОЖАРИ И НИВНО ЛОКАЛИЗИРАЊЕ (ГАСНЕЊЕ) 2016 год.

*Табела 10 а*

ВКУПНО НАСТАНАТИ ПОЖАРИ, ВИД НА ШУМА, ПОВРШИНА И ДРВНА МАСА ОПФАТЕНА СО ПОЖАРОТ И ТРОШОЦИ ЗА ГАСНЕЊЕ, 2016год.

| ПШ | | ЕЛЕМЕНТИ | I | II | III | IV | V | VI | VII | VIII | IX | X | XI | XII | Вкупно за година | ЗАБЕЛЕШКА |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 | 11 | 12 | 13 | 14 | 15 | 16 |
| | БРОЈ НА ПОЖАРИ ПО ВИД НА ШУМА, ОПОЖАРЕНА ДРВНА МАСА И ПРИЧИНЕТА ШТЕТА ОД ПОЖАРОТ | **1. ШУМА ОД ИГЛОЛИСНИ ВИДОВИ** | | | | | | | | | | | | | | |
| | | Број на пожари | 0,00 | 1,00 | 0,00 | 2,00 | 0,00 | 0,00 | 1,00 | 3,00 | 4,00 | 1,00 | 0,00 | 0,00 | 12 | |
| | | Опожарена површина - ха | 0,00 | 0,20 | 0,00 | 25,80 | 0,00 | 0,00 | 2,00 | 12,23 | 50,50 | 31,50 | 0,00 | 0,00 | 122,23 | |
| | | Опожарена дрвна маса - м3 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 225,00 | 0,00 | 0,00 | 10,00 | 10,00 | 0,00 | 1.918,00 | 0,00 | 0,00 | 2.163,00 | |
| | | Причинета штета - денари | 0 | 0 | 0 | 357.200 | 0 | 0 | 70.000 | 2.150.000 | 4.350.000 | 61.754.000 | 0 | 0 | 68.681.200 | |
| | | **2. ШУМА ОД ЛИСЈАРСКИ ВИДОВИ** | | | | | | | | | | | | | | |
| | | Број на пожари | 0,00 | 2,00 | 1,00 | 12,00 | 1,00 | 0,00 | 6,00 | 15,00 | 1,00 | 0,00 | 0,00 | 1,00 | 39 | |
| | | Опожарена површина - ха | 0,00 | 3,10 | 4,20 | 143,43 | 1,00 | 0,00 | 42,20 | 1.795,01 | 0,30 | 0,00 | 0,00 | 60,00 | 2.049,24 | |
| | | Опожарена дрвна маса - м3 | 0,00 | 5,00 | 0,00 | 677,50 | 0,00 | 0,00 | 202,00 | 9.558,00 | 41,00 | 0,00 | 0,00 | 3.932,00 | 14.415,50 | |
| | | Причинета штета - денари | 0 | 5.000 | 0 | 3.085.970 | 0 | 0 | 1.225.000 | 122.735.000 | 287.000 | 0 | 0 | 6.975.940 | 134.313.910 | |
| | | **3. ШУМА ОД МЕШАНИ ВИДОВИ** | | | | | | | | | | | | | | |
| | | Број на пожари | 0,00 | 1,00 | 1,00 | 3,00 | 0,00 | 0,00 | 3,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 8 | |
| | | Опожарена површина - ха | 0,00 | 2,00 | 1,90 | 40,50 | 0,00 | 0,00 | 97,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 141,40 | |
| | | Опожарена дрвна маса - м3 | 0,00 | 49,00 | 16,20 | 210,00 | 0,00 | 0,00 | 720,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 995,20 | |
| | | Причинета штета - денари | 0 | 311.500 | 0 | 680.800 | 0 | 0 | 7.376.440 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 8.368.740 | |
| | | **4. ШУМА ОД ОСТАНАТИ ВИДОВИ** | | | | | | | | | | | | | | |
| | | Број на пожари | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0 | |
| | | Опожарена површина - ха | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | |
| | | Опожарена дрвна маса - м3 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | |
| | | Причинета штета - денари | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | |
| | | **5. ПРИЗЕМНА ВЕГЕТАЦИЈА (трева, разни грмушки и тн.)** | | | | | | | | | | | | | | |
| | | Број на пожари | 1,00 | 5,00 | 3,00 | 24,00 | 2,00 | 2,00 | 12,00 | 19,00 | 4,00 | 2,00 | 2,00 | 15,00 | 91 | |
| | | Опожарена површина - ха | 0,50 | 43,50 | 26,30 | 407,70 | 4,50 | 5,10 | 67,15 | 331,78 | 13,55 | 6,00 | 111,00 | 254,95 | 1.272,03 | |
| | | Опожарена дрвна маса - м3 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | |
| | | Причинета штета - денари | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | |
| | ВКУПНО | **Број на пожари** | 1 | 9 | 5 | 41 | 3 | 2 | 22 | 37 | 9 | 3 | 2 | 16 | 150 | |
| | | **Опожарена површина - ха** | 0,50 | 48,80 | 32,40 | 617,43 | 5,50 | 5,10 | 208,35 | 2.139,02 | 64,35 | 37,50 | 111,00 | 314,95 | 3.584,90 | |
| | | **Опожарена дрвна маса - м3** | 0,00 | 54,00 | 16,20 | 1.112,50 | 0,00 | 0,00 | 932,00 | 9.568,00 | 41,00 | 1.918,00 | 0,00 | 3.932,00 | 17.573,70 | |
| | | **Причинета штета - денари** | 0 | 316.500 | 0 | 4.123.970 | 0 | 0 | 8.671.440 | 124.885.000 | 4.637.000 | 61.754.000 | 0 | 6.975.940 | 211.363.850 | |
| | ГАСНЕЊЕ | **УЧЕСНИЦИ ВО ГАСНЕЊЕ НА ПОЖАРОТ (1+2)** | 3 | 38 | 26 | 440 | 22 | 11 | 384 | 870 | 105 | 54 | 17 | 127 | 2097 | |
| | | 1. Од ЈПМШ | 3,00 | 23,00 | 17,00 | 360,00 | 20,00 | 9,00 | 228,00 | 483,00 | 59,00 | 35,00 | 8,00 | 94,00 | 1.339 | |
| | | 2. Други субјекти | 0,00 | 15,00 | 9,00 | 80,00 | 2,00 | 2,00 | 156,00 | 387,00 | 46,00 | 19,00 | 9,00 | 33,00 | 758 | |
| | ТРОШОЦИ ЗА ГАСНЕЊЕ - денари - | **ВКУПНИ ТРОШОЦИ ЗА ГАСНЕЊЕ НА ПОЖАРОТ (од 1 до 5)** | 0 | 39.299 | 23.243 | 540.783 | 29.096 | 6.900 | 246.351 | 1.031.865 | 108.952 | 75.511 | 15.320 | 115.218 | 2.232.538 | |
| | | 1. Трош. за дневници | 0 | 34.299 | 16.571 | 428.480 | 20.356 | 6.900 | 154.048 | 564.108 | 72.109 | 63.425 | 12.400 | 77.908 | 1.450.604 | |
| | | 2. Трошоци за гориво и мазиво | 0 | 5.000 | 5.772 | 67.968 | 4.040 | 0 | 39.368 | 276.337 | 23.470 | 8.506 | 1.600 | 25.450 | 457.511 | |
| | | 3. Трошоци за средства за гасење | 0 | 0 | 900 | 14.520 | 2.000 | 0 | 29.400 | 90.000 | 7.090 | 540 | 500 | 4.150 | 149.100 | |
| | | 4. Тр. за храна за екипата за гасење | 0 | 0 | 0 | 23.415 | 700 | 0 | 16.535 | 78.604 | 3.053 | 670 | 820 | 5.610 | 129.407 | |
| | | 5. Останати трошоци | 0 | 0 | 0 | 6.400 | 2.000 | 0 | 7.000 | 22.816 | 3.230 | 2.370 | 0 | 2.100 | 45.916 | |

Напомена :Податоците се земени од статистичките листови од системот MKFFIS и од месечните електронски извештаи кои ги внесуваат подружниците.

Извор на податоци: Сектор за заштита на шумите, надзор и внатрешна контрола

## 5.3. ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТЕЊЕТО НА ШУМОЧУВАРСКАТА СЛУЖБА ВО 2016 ГОД.

Табела 10б

| ред.бр | Подружница | Поднесени кривични пријави- (броја) | Поднесени прекршочни пријави- (броја) | Вкупно пријави (броја) | Одземена дрвна маса- (м3) | Откриени нарушувања од непознат сторител (броја) | Проценка на бесправно посечена дрвна маса (м3) (од непознат сторител) |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Малешево-Берово | 6 | 0 | 6 | 45,00 | 141 | 1566,76 |
| 2 | Равна Река-Пехчево | 0 | 1 | 1 | 0,00 | 27 | 43,10 |
| 3 | Осогово-К.Паланка | 0 | 0 | 0 | 0,00 | 5 | 47,20 |
| 4 | Кратово-Кратово | 0 | 0 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 |
| 5 | Осогово-Кочани | 0 | 0 | 0 | 0,00 | 153 | 772,30 |
| 6 | Серта-Штип | 3 | 3 | 6 | 10,10 | 15 | 18,43 |
| 7 | Плачковица-Радовиш | 0 | 114 | 114 | 39,00 | 33 | 548,43 |
| 8 | Плачковица-Виница | 0 | 0 | 0 | 41,00 | 9 | 210,73 |
| 9 | Беласица-Струмица | 19 | 100 | 119 | 61,61 | 21 | 71,86 |
| 10 | Саланџак-Валандово | 0 | 2 | 2 | 4,20 | 0 | 2,00 |
| 11 | Кожуф-Гевгелија | 0 | 0 | 0 | 0,00 | 8 | 27,00 |
| 12 | Демир Капија-Д.Капија | 2 | 4 | 6 | 3,00 | 1 | 0,00 |
| 13 | Бор-Кавадарци | 0 | 1 | 1 | 0,00 | 6 | 40,43 |
| 14 | Црн бор-Прилеп | 6 | 15 | 21 | 11,00 | 287 | 2916,47 |
| 15 | Бабуна-Велес | 0 | 3 | 3 | 34,00 | 38 | 1385,44 |
| 16 | Шумарство-Св.Николе | 0 | 0 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 |
| 17 | Кајмакчалан-Битола | 0 | 0 | 0 | 0,00 | 5 | 67,00 |
| 18 | Бигла-Демир Хисар | 0 | 4 | 4 | 14,50 | 253 | 231,83 |
| 19 | Липа-Крушево | 5 | 73 | 78 | 40,10 | 5 | 1586,50 |
| 20 | Преспа дрво-Ресен | 2 | 13 | 15 | 3,00 | 12 | 20,50 |
| 21 | Галичица-Охрид | 0 | 4 | 4 | 62,80 | 44 | 409,23 |
| 22 | Јабланица-Струга | 0 | 2 | 2 | 4,00 | 0 | 125,00 |
| 23 | Стогово-Дебар | 0 | 16 | 16 | 0,00 | 0 | 1,17 |
| 24 | Лопушник-Кичево | 13 | 79 | 92 | 51,70 | 4347 | 2530,22 |
| 25 | Сандански-М.Брод | 7 | 42 | 49 | 18,60 | 80 | 276,89 |
| 26 | Шар-Гостивар | 13 | 15 | 28 | 96,45 | 62 | 852,64 |
| 27 | Лешница-Тетово | 7 | 14 | 21 | 15,00 | 18 | 74,20 |
| 28 | Караџица-Скопје | 54 | 25 | 79 | 218,05 | 462 | 9738,20 |
| 29 | Куманово-Куманово | 8 | 0 | 8 | 45,60 | 2 | 21,60 |
| 30 | Голак-Делчево | 0 | 7 | 7 | 53,80 | 29 | 113,40 |
| **Вкупно:** | | **145** | **537** | **682** | **872,51** | **6063** | **23698,53** |

**Извор на податоци: Сектор за заштита на шуми, надзор и внатрешна контрола**

# 5.4. Коментар

Заштитата на шумите е систем на мерки и активности кои се спроведуваат со цел да се обезбеди опстанок на шумите, зачувување на здравствената состојба и виталност на шумите од противправно присвојување и користење, пожари, растителни болести и штетници, бесправни сечи, противправно собирање на други шумски производи и други оштетувања.

За заштита на шумите и шумските култури од растителни болести и штетни инсекти утврдени се средства преку Програмата за проширена репродукција на шумите за 2016 год. Активностите се во насока на превентивна заштита на шумите и шумските култури од потенцијални штетници кои можат да загрозат поголеми шумски простори, а тоа ќе се врши преку организирана Извештајно и дијагнозно-прогнозна служба (ИДП служба) и преку следење на состојбата на шумите на биоиндикаторските точки поставени на 16 километарска мрежа на територијата на РМ. Шумарскиот факултет-Катедра за заштита на шумите и дрвото, до МЗШВ треба да достави Извештај за здравствената состојба на шумите во РМакедонија за 2016 година со предлог мерки и Извештај за здавствената состојба на шумите на биоиндикаторските точки на територијата на РМ за 2016 година. За оваа намена се обезбедуваат финансиски средства од МЗШВ преку Програмата за проширена репродукција на шумите за 2016 година во износ од 1.000.000,00 денари.

Од аспект на заштита на шумите, а со оглед на нашите климатски услови, како најголем произлегува проблемот со заштита на шумите од пожари кои како деструктивен елемент се сметаат за елементарна непогода со која на шумскиот фонд му се нанесуваат повеќекратни штети.

ЈП“Македонски шуми” со својата активност целосно е вклучено во воспоставувањето на Методологијата за мониторинг и процена на веројатност за ризик од шумски пожари, во консултација со домашни и странски експерти, а која се темели на елементи на ризик од шумски пожари и алатки за процена на ризикот. Со посебно софтверско решение изработено по принципите на Методологијата за мониторинг и процена на веројатност за ризик од шумски пожари ќе се утврдува дневната опасност за појава на шумски пожари, како и следење на однесувањето на отпочнатите шумски пожари.

Во 2016 година во државните шуми со кои стопанисува ЈП"Македонски шуми" регистрирани се 150 пожари со вкупно опожарена површина од 3.585,15 ха, опожарена дрвна маса од 17.573,70 м3 и вкупни трошоци за гаснење на пожарите во износ од 2.232.538,00 денари.

Вкупната штета од појавените пожари на ниво на ЈП се проценува дека изнесува 211.363.850,00 денари, а податоците се од доспеаните статистички листови од подружниците. ( стр.42) Во гаснењето на пожарите во почетокот на нивната појава, воглавно се вклучуваа вработените при ЈП,,Македонски шуми,, и други субјекти. Согледувајќи ја опасноста од појава на шумски пожари се превземаа активности со кои се обезбеди поголема превентива во чувањето на шумите и поорганизирано гаснење на веќе појавените пожари.

Субјектите кои стопанисуваат со шумите се должни да ги собираат податоците за шумските пожари и најдоцна во рок од осум дена од денот на избувнувањето на пожарот за тоа да го известат органот на државната управа надлежен за работите од областа на шумарството. Органот на државната управа надлежен за работите од областа на шумарството собраните податоци треба да ги достави на домашните и меѓународните тела и институции на нивно барање. Следењето на настанатите пожари е преку електронскиот систем MKFFIS, преку статистичките листови кои ги доставуваат подружниците.

Во текот на 2016 год. ЈПМакедонски шуми изготви техничка документација и отпочна процедура за набавка на заштитна опрема за гасење на шумски пожари при што набавени се :

- ✓ Комплети за заштитна опрема за гасење на шумски пожари на отворен простор 60 броја, за што се потрошени 2.702.200,00ден. сопствени средства;
- ✓ Беше извршена набавка на 270 грбни прскалки за вода за прва интервенција при шумски пожари, кои беа распределени на подружниците;
- ✓ Во тек е постапка за набавка на соодветен **алат и опрема за локализирање и гасење на шумски пожари,** со цел да се пополни бројната состојба согласно *Правилникот за посебни мерки за заштита на шумите од пожари.*

Заштитата на шумите не може да биде ефикасна доколку е спроведена само од една институција. ЈП „Македонски шуми" работеше и во иднина ќе работи на остварување соработка со други институции, при што беа реализирани заеднички кампањи и беа спроведени заеднички акции со други институции, како на локално така и на национално ниво;

- ✓ Во текот на 2014-2016 година, Министерството за внатрешни работи (МВР)

беше носител на Оперативна акција **„Гора"** која беше спроведена **во интеракција** со ЈП „Македонски шуми", Државниот инспекторат за шумарство при МЗШВ на Р.Македонија и Агенцијата за катастар на недвижности на Р.Македонија;

- ✓ Во летниот период на 2015 и 2016 година МВР и ЈП „Македонски шуми" ја реализираа заедничката кампања **„Лето без пожари"**;
- ✓ Во текот на 2016 година ЈП „Македонски шуми" **и** Противпожарен сојуз на Република Македонија (ППС на РМ) потпишаа **„Меморандум за соработка"** за искористување на потенцијалите на двете институции за поефикасно справување со шумските пожари;
- ✓ Во текот на 2016 година ЈП „Македонски шуми" во соработка со Дирекцијата за заштита и спасување и Противпожарниот Сојуз на Македонија ја изведе кампањата: **„Да ги заштитиме нашите шуми од пожари"** на територија на цела држава;
- ✓ Со цел подигање и дефинирање на нивото за заштита на шумите ЈП „Македонски шуми" отпочна со реализација на **„Стратегија за развој на заштитата на шумите од пожари, фитопатолошки и ентомолошки појави, со акционен план за реализација на проекти и набавки"**, за што е објавен јавен повик за изработка.
- ✓ Стратегијата за заштита на шумите ќе дефинира:

1. Формирање на тренинг центар за заштита на шумите од пожари;

2.Формирање на специјализирани противпожарни единици за гасење на шумски пожари во рамките на три регионални центри (подружници) на ЈП „Македонски шуми";

3. Набавка на прирачна опрема и алат за локализирање и гасење на шумски пожари;

4. Набавка на лична заштитна опрема за гасење на шумски пожари;

5. Набавка на специјални возила за прва интервенција (иницијален напад) и специјални возила — теренски цистерни за локализирање и гасење на шумски пожари;

6. Обука за изработка на годишни оперативни планови за заштита на шумите од пожари;

7. Изработка на оперативни прирачници за заштита на шумите од пожари;

8. Воспоставување на центар за следење и управување при локализирање и гасење на шумските пожари;

9. Стручна обука за Шефовите по заштита на шумите во центарот за следење и управување при локализирање и гасење на шумски пожари во Анкара и

меѓународниот центар за обука за локализирање и гасење на шумски пожари во Анталија – Турција;

10. Спроведување на јавна кампања помеѓу граѓаните за опасноста од шумските пожари во рамки на превентивно делување од областа на заштита на шумите;

11. Спроведување на медиумска кампања за опасноста од шумските пожари како превентивна мерка за заштита од шумски пожари;

12. Воспоставување на систем за рана детекција на шумите од пожари и детекција на други бесправни дејствија;

13. Поставување на опрема за видео надзор на контролните рампи и систем за електронско следење на движењето на дрвна маса и останатите објекти во функција на заштита на шумите;

14. Спроведување на технички мерки – картирање, редукција на горливиот материјал и изградба на противпожарни просеки во вештачки подигнати шумски насади;

15. Централизација и интеграција на системите и базите на податоци, нивно усовршување и модернизација на опремата за користење на терен;

16. Одредување на рути и контрола на шумочуварска служба;

17. Мониторинг на здравствена состојба на шумските култури во Р.Македонија во период од 2015-2018;

18. Методологија за изработка на делот - заштита на шумите од штетни видови инсекти и растителни болести при подготвувањето на посебните планови за стопанисување со шумите во Р. Македонија;

19.Идентификациони техники за рано откривање на присуството на алохтони инвазивни видови болести и штетници во шумите во Р.Македонија;

20.Развојна техника за биолошко регулирање на популациите од штетни видови растителни болести и штетници.

Заштитата на шумите од шумски штети претставува сериозен фактор во зачувување на шумскиот фонд. Бројот на прекршителите, односно сторителите на шумски штети и кражби на дрво во последните години се зголемува, а со тоа на шумскиот фонд му се нанесуваат значителни штети. **ЈП Македонски шуми преку** Секторот за заштита на шумите, надзор и внатрешна контрола и шумочуварската служба, заштитува:

- Уредена површина на ниво на ЈПМШ 1.051. 641 ха
- Неуредена површина 88.018 ха

или **Вкупно се врши заштита на шумите на површина од 1.139.659ха.**

Согласно **Закон за изменување и дополнување на Законот за шумите** (Сл.в.на РМ, бр.160 од 31.10.2014г.) во член 81, дефинирано е дека правните субјекти кои стопанисуваат со државните шуми **вршат реонско чување на шумата** и притоа треба да се формираат - шумочуварски реони, односно чувањето на шумите се врши двостепено, шумочуварската служба врши реонско чување на шумите, додека шумската полиција врши контролно-патролно чување на шумите.

„Реонското чување го врши шумочуварска служба во состав на Јавното претпријатие за стопанисување со државните шуми „Македонски шуми" и другите субјекти кои стопанисуваат и управуваат со заштитените подрачја без оглед на нивната намена", во изминатиот период ЈПМШ го реализираше следното:

- ✓ **формирани** се **341 шумочуварски реони** со вкупна површина од 1.139.659 ха, со кои се **задолжени 249 шумочувари** и **58 контролори** на рампа, а за организирање на работата на шумочуварската служба се задолжени **29шефови** по заштита на шумите и екологија.

Во текот на 2016 година, согласно **Закон за изменување и дополнување на Законот за шумите** (Сл.в.на РМ, бр.160 од 31.10.2014г.) член 81-д, став 1, „припадниците на шумочуварската служба носат службена униформа и легитимација и вооружени се со службено оружје согласно овој закон", ЈПМШ го реализираше следното:

- ✓ ги **униформира** и **опреми** припадниците на шумочуварската служба со 360 комплети униформи, чанти, опасачи и футроли за поштол, како и 89 стоп палки, за што потроши 5.638.315,00ден. од сопствени средства;
- ✓ изготви и задолжи со **легитимации** 306 припадници на шумочуварската служба;
- ✓ **поднесени** се **барања** за дозволи за поседување на оружје-**ДПО** и дозволи за носење на оружје-**ДНО** за сите Подружници;
- ✓ задолжени со **оружје 43 припадници** на шумочуварска служба во **6 подружници**, и ги опреми со опасачи и футроли за оружје.
- ✓ изготви и поднесе **предлог** до Управен Одбор, за **преотстапување** на **оружје** кое согласно Закон, ЈПМШ не смее да го има во сопстевеност.

Припадниците на шумочуварската служба во шумочуварските реони особено се овластени да: го чуваат реонот од бесправни сечи и шумски кражби, да вршат преглед на сите средства со кои се превезува или пренесува дрво во

шумочуварскиот реон и на контролните рампи на шумските патишта, да ги легитимираат сите лица затечени во шума, да известуваат за појавени шумски пожари, растителни болести, шумски штетници и други непогоди во шумочуварскиот реон. За сите бесправни дејствија ги известуваат надлежните органи во правните субјекти за стопанисување со шумите, а против прекршителите поднесуваат барање за поведување на прекршочна постапка пред надлежен орган. Припадниците на шумочуварската служба за својата работа водат службена книга за бесправните дејствија и за утврдување на фактичката состојба во реонот.

Воведена е електронска евиденција поединечно за секој припадник на шумочуварската служба:

Име и број на шумочуварски реон со кој е задолжен, лиценца број, легитимација број, телефонски број, чекан за шумска штета број, дозвола за поседување и носење на оружје број, како и следење на промените кои настануваат на шумочуварската служба со доставување на информации во континуитет.

Во текот на 2016г. Секторот за заштита на шумите, надзор и внатрешна контрола организираше неколку обуки:

- ✓ Обука на шефовите по заштита на шумите и екологија за изработка на Месечен извештај за реализирани активности на шумочуварската служба;
- ✓ Обука на шефовите по заштита на шумите и екологија за изработка на Годишен оперативен план за пожари;
- ✓ Во организација на Глобалниот центар за следење на шумски пожари, Регионалниот центар за следење на шумски пожари и Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство на Р. Македонија, а со подршка од Советот на Европа во Скопје беше организирана „Регионална консултација за прекугранична соработка за управување со шумски пожари" каде зедоа учество раководни лица од ЈП „Македонски шуми".

Со цел поефикасно и побрзо прибирање и анализа на податоците кои ги доставуваат подружниците до Секторот за заштита на шумите, надзор и внатрешна контрола, изготвени се нови извештаи кои се испраќаат до Секторот во електронска и пишана форма:

-Извештај за активноста на шумочуварската служба;

-Извештај за нарушувања од познат и непознат сторител;

-Извештај за активности за гаснење на пожари, причинители, преземени мерки;

-Извештај за трошоци и причинети штети од настанати пожари.

Од табеларниот преглед за активностите на шумочуварската служба може да се види дека во текот 2016 година поднесени се вкупно 682 пријави од кои 145 кривични и 537 прекршочни. Исто така откриени се нарушувања од познат сторител при што е одземена дрвна маса од вкупно 872,51 м3. Проценката на бесправно посечената дрвна маса изнесува 23.698,53м3. (Табела 10б, стр.44)

Во однос на потребата на пазарна валоризација на сите шумски ресурси и за целосно искористување на сите можности кои ги дава шумата, особено во поглед на искористувањето на другите шумски производи, се наметнува потребата од производство и собирање на лековити и ароматични растенија, со што шумите и шумските подрачја би биле поквалитетно вреднувани. Од продажба на други шумски производи и од дозволи во 2016 год. остварен е приход во износ од 1.313.018,00 денари.

